РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Бр./Nr 12-3841/2
04-09-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-3841/1 од 04.08.2023 година, поднесена од страна на познат подносител проф.д-р -------------------------, со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување и оштета на Буџетот на Република Северна Македонија преку неправилен избор во наставно звање на наставник редовно вработен на Универзитетот „--------------------",- -----------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што по пријавените наводи веќе има постапено друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3841/1 од 04.08.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.08.2023 година од страна на познат подносител проф.д-р ------------------------, поднесена е пријава за сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањето и оштета на Буџетот на Република Северна Македонија преку неправилен избор во наставно звање на наставник редовно вработен на Универзитетот „-------------------",-----------------------.

Подносителот во пријавата наведува дека пријавата е против членовите на Рецензентската комисија кои давале заклучок и предлог за лицето м-р ------------------------ да биде избран за вонреден професор по стручно-уметнички предмети од наставно-научната област Дизајнирање на текстил и облека во Универзитетски билтен бр.------, на септември 2019 година во Универзитетот „------------------",-----------. Истата комисија со иста содржина и порано го имаат прекршено законот со тоа што истото лице е избрано во звање доцент.

Според подносителот пријавениот кандидат е избран во стручно-уметнички предмети од објавената област, кои спаѓаат во областа која според Фраскатиевата класификација припаѓа во подрачје Техничко–технолошки науки, научно поле 223 Текстилна технологија, област Дизајнирање на текстил и облека, а не во подрачје Хуманистички науки, научно поле Ликовна уметност, област Сликарство според Фраскатиевата класификација, за која што кандидатот има стекнато образование.

Според подносителот, избраниот кандидат не ги исполнил условите за избор во наставно-научни, наставно-стручни и наставни соработнички звања предвидени согласно член 164 од Законот за високо образование, кои се: стекнато образование, резултати од научно-истражувачката работа,

резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок и стручно-применувачка или стручно уметничка дејност.

Подносителот во пријавата наведува дека со Претставка се обратил и до Државен просветен инспекторат, преку која побарал да се изврши надзор над законитоста на постапката за избор и исполнетоста на законските општи и посебни услови за избор во звање на горенаведениот кандидат, како и да се утврдат неправилности и да се поведе постапка за поништување на изборот.

На 22.05.2023 година ДПИ го извести сега подносителот дека во врска со наводите на неговата претставката, извршени се два инспекциски надзора и тоа на ден 23.06.2015 со Записник Ип1 бр.-------- од 30.06.2015 и на ден 30.01.2019 со Записник Ип1 бр.--------------- од 04.02.2019, во кои не се констатирани неправилности во постапката за избор во наставно-научно звање доцент на м-р --------------------. Во известувањето на ДПИ доставено до подносителот --------------------- е наведено дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, кога претставката се однесува на прашања по кое веќе е постапувано или е водена друга постапка од надлежен орган, постапувањето по новоподнесената претставка ќе се повтори само доколку во претставката, односно предлогот се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување. Со ова ДПИ ги отфрла наводите наведени во претставката на Никола Смилков како НЕОСНОВАНИ, бидејќи за истите е веќе постапувано.

При разгледување на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што по истите наводи постапил друг надлежен орган, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска-Дојчиновска**

Изработил: Ф.Ј., советник
Одобрил: Н. Б, член на ДКСК